ПРИЛОГ I.2
ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА 3
1.1 | МАКРОЛОКАЦИЈА 3
1.2 | МИКРОЛОКАЦИЈА 4
2. ДОДАТОЦИ 9

1. ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА

1.1 | МАКРОЛОКАЦИЈА

Живинарската фарма ГОЛДЕН ЕГ се наоѓа во индустриската зона Визбегово, на територија на општина Бутел.


Општина Бутел територијално припаѓа на градот Скопје и како таква ги дели природните карактеристики на градот. Општината зафаќа површина од 57 km^2 и опфаќа 5 населби: Скопје Север, Бутел 2, Бутел 1, Радишани и Љуботенски пат и 4 рурални подрачја: Визбегово, Радишани, Љубанци и Љуботен.

Според урбанистичкиот план, во индустриската зона Визбегово се предвидени следните намени: Г2 лесна и незагадувачка индустрија, Г3 сервиси, Г4 стоваришта.

До локацијата се пристапува преку главна магистрална сообраќајница (Јадранска магистрала), што води од излезот на Скопје кон северната граница.

Во непосредното опкружување на локацијата на ГОЛДЕН ЕГ се наоѓаат неизградено стопанско и земјоделско земјиште. Во поширокото опкружување се наоѓаат поголем број на приватни компании од областа на индустријата.

На следната слика даден е преглед на локацијата на фармата во однос на поширокото опкружување.



Слика Макролокација (Извор: GoogleEarth)

Во додаток 1 дадена е макролокацијата на фармата ГОЛДЕН ЕГ.

Изводот од катастарски план на општина Бутел даден е во додаток 2.

1.2 | МИКРОЛОКАЦИЈА

Локацијата на фармата е составена од две различни но соседни катастарски парцели (КП 95/3 И КП 102/1) на кои се лоцирани два објекти за чување кокошки. Вкупната површина на локацијата на фармата е 4026 m^2 (1024 m^2 на КП 95/3 И 3002 m^2 на КП 102/1).

КП 95/3

Главниот пристап до објектот Фарма за кокошки несилки и сортирница за јајца е од западната страна на парцелата со КП 95/3 во с. Визбегово. Локацијата е оградена со метална ограда. Постои и зелен појас околу самиот објект. Самиот објект е поставен на пропишано растојание од оградниот ѕид со што е обезбеден непречен приод на противпожарно возило од сите страни.

ГОЛДЕН ЕГ се наоѓа на надморска височина од 297 m и е определена со следните географски координати:

Север 42.045793


Исток 21.394644

Шематскиот приказ на локацијата даден е во додаток 3.

Објект

Објектот има катност од По + Приз. Катноста на објектот варира односно предниот технички дел во кој се сместени просториите за вработени, скалишниот простор и просторијата за сортирање на јајца е со катност По+Приз, а шалата каде што е организирано одгледувањето на кокошки – несилки е приземна со катна висина од 4,5 m Функционалната организираност на просторот е според потребите на дејноста за која е наменет.

Теренот каде што е позициониран објектот е во пад, така што влезот во подрумот е директен од ниво на терен. На приземјето се пристапува со скали од две страни, и тоа од јужната и источната страна. Влезот за вработени и посетители е од јужната страна на објектот. Вработените влегуваат во подрумот, кој има директен надворешен влез. Преку ходник пред тоалетот и гардеробата може да пристапат во просторијата за сортирање на јајца, во канцеларијата и во чајна кујна со гардероба и тоалет. Изведен е и надворешен тоалет за надворешни посетители. На приземјето се пристапува од јужната и источната страна на објектот, преку надворешни еднокраки скали. На приземје е шталата за кокошки несилки, а со директен влез од надвор е позиционирана и техничката просторија од каде се управуваат системите за хранење на кокошки, изѓубрување на кафезите и собирање на јајцата.



Слика Фасади на објектот (извор: Елаборат за фактичка состојба на фарма[1])

Пристапот на погорните спратови од кафезите, се врши со помош на подвижни скали, како би се пристапило до 4, 5, 6-ти спрат на кафези. Сите метални делови од опремата се

[1] Елаборат за фактичка состојба на фарма за одгледување на кокошки – несилки и сортирница за јајца Голден Ег – изработено од Магента Инженеринг ДООЕЛ Скопје, 2021

поцинкувани, а сите мрежи се обложени со легура цинк-алуминиум и се оптимално заштитени од корозија.




Слика Поглед на живинарската фарма (склад за храна - лево и штала - десно)

Конструкција на објектот

Конструкцијата на објектот е скелетен систем од армирано бетонски столбови и греди, меѓукатната конструкција е монолитна армирано бетонска плоча. Темелењето на објектот е изведено со темели самци и темелни траки и греди. Ѕидови Фасадните зидови се од керамички блокови.

Подови се обработени со монолитен завршен нанос, произведен на цементна основа. Во тоалетите подовите се завршно обработени со керамички плочки. Кров Покривањето на објектот е со пластифициран ребраст лим, поставен на дрвена подконструкција.



Слика Пресек на објект (извор: Елаборат за фактичка состојба на фарма)

Одвод

Одводот на атмосферските води е предвиден со висечки хоризонтални олуци изработени од челичен пластифициран лим, прицврстени за објектот со поцинкувани држачи Вертикалните одводни олуци се од пластифициран лим, прицврстени за објектот со држачи.

КП 102/1

Локацијата од аспект на географско и геодетска местоположба се наоѓа северно од градот Скопје, во атарот на индустриска зона Визбегово во Општина Бутел, до кој директен пристап до самата парцела има преку локален пат. Локалитетот е на надморска висина од околу 297 m, заземајќи површина од 2490.60 m² (0.24 ha). Границите на планскиот опфат се следниве:

- Север – соседна катастарска парцела бр. 101/3,
- Исток – соседна катастарска парцела бр. 103/1 и 104/2,
- Југ – соседна катастарска парцела бр. 104/1,
- Запад - постоечки пат.



Слика Микролокација на Голден Ег

Локацијата на фармата ГОЛДЕН ЕГ се наоѓа на надморска височина од 297 m и е определена со следните географски координати:

Север 42.045793

Исток 21.394644

Во додаток 4 е дадена состојба на локацијата.

Пристапот до локацијата е од западната страна на КП 102/1, во с. Визбегово.

Фармата е комплекс од 2 штали за кокошки несилки, сортирница на јајца, склад за амбалажа и јајца од сопствено производство, склад за храна, силоси со усипен кош и просторија за вработени.

На северната страна се наоѓа штала за кокошки несилки "1" пред која веднаш до влезот во парцелата е изведен склад за амбалажа и склад за јајца од сопствено производство. На јужната страна на парцелата е помошниот објект за складирање на храна, а во продолжение на истиот како би се овозможило успешно и долготрајно чување на храната за кокошки со примена на современа технологија изградени се силоси за зрнеста храна со усипен кош. На источниот дел на парцелата е позиционирана шталата а за кокошки "3".




Слика Поглед на објектите од надвор (штала 1 – лево и штала 3 – десно)

Штала "1" за кокошки несилки со сортирница за јајца

Штала 1 е постоечки објект со катност од приземје + поткровје. Конструкцијата на објектот е скелетен систем од армирано бетонски столбови и греди, меѓукатната конструкција е монолитна армирано бетонска плоча. Темелењето на објектот е изведено со темели самци и темелни траки и греди. Фасадните и преградните ѕидови се од керамички блокови. Подовите се обработени со монолитен завршен нанос Подинг-К. Во тоалетите се поставени керамички плочки. Покривањето на објектот е со керамиди, поставен на дрвена подконструкција.

Во приземјето во предниот дел е сместена сортирницата на јајца во која со транспортери пристигаат јајцата од двете штали, просторија за складирање на амбалажа и за чување на јацата од сопствено производство. Шалата каде што е организирано одгледувањето на кокошки – несилки е приземна со катна висина од 4,5 m. Влезот за вработени и посетители е од јужната страна на објектот. Во просторијата за сортирање на јајца има директен надворешен влез.

На приземје е шталата за кокошки несилки и е во директна врска со просторијата за сортирање на јаца, со влез преку сортирницата и со директен влез од надвор од источната страна.

Во просторијата за сортирање на јаца е позиционирана и техничката опрема од каде се управуваат системите за хранење на кокошки, изѓубрување на кафезите и собирање на јајцата.

Просторија за сортирање на јајца

Во склоп на Штала "1" со посебен влез за вработените е сместена просторија за сортирање на јајцата од сопствено производство на фармата.

Штала "3" за кокошки несилки

Штала 3 е ново изграден објект каде што е организирано одгледувањето на кокошки – несилки е приземна. Теренот каде што е позициониран објектот е рамен, влезот во истиот е директен со две скали од две страни, и тоа од западната и источната страна. Влезот за вработени и посетители е од западната страна на објектот. Конструкцијата на објектот е скелетен систем од армирано бетонски столбови и греди. Темелењето на објектот е изведено со темели самци и темелни траки и греди. Фасадните зидови се од керамички блокови. Внатрешно ѕидовите во шталата се малтерисани и фарбани со бела мрсна боја. Подовите се обработени со монолитен завршен нанос. Покривањето на објектот е со пластифициран челичен лим, поставен на челична подконструкција.

Помошен објект – склад за храна

Складот за чување и припрема на храната е приземен објект и е позициониран на јужната страна на парцелата. Теренот каде што е позициониран објектот е рамен, така што влезот во истиот е директен со две скали од две страни, и тоа од западната и источната страна. Влезот за вработени и посетители е од западната страна на објектот. Конструкцијата на објектот е скелетен систем од армирано бетонски столбови и греди. Темелењето на објектот е изведено со темели самци и

темелни траки и греди. Фасадните зидови се од керамички блокови. Внатрешно зидовите во складот се малтерисани, со завршната обработка од среден стандард. Подовите се обработени со монолитен завршен нанос. Покривањето на објектот е со пластифициран челичен лим, поставен на челична подконструкција.

Силоси со усипен кош

Во склоп на фармата се сместени и усипен кош со 3 силоси за храна за кокошки. Истите се позиционирани на јужната страна на парцелата. Вкупен капацитет на силосите е 121 m^3 со 103 тони пченица (еден силос).

Сите метални делови од опремата се поцинкувани и се оптимално заштитени од корозија. Истите се опремени со вертикален и хоризонатални транспортери на храна, скали за пристап и сервисирање како и платформа за хоризонтален транспортер. Системот се состои од систем за полнење преку јама за полнење на силоси. Истата е армирано бетонска, а согласно потребите на производителот и опремата која треба да се смести во истата се состои од три сегменти. Во јамата со товарно возило се истура зрнестата храна со која треба да се наполнат силосите. Истата се транспортира преку хоризонтални и вертикални транспортери во самите силоси. Јамата е заштитена од земна влага со хидроизолација на битуменска база.

Храната која се чува во силосите по потреба се транспортира кон крајните корисници во шталите за кокошки несилки. Истото се врши со помош на хоризонтален транспортер, преку кој во кош за храна се транспортира до мелниците позиционирани во Складот за храна. Од таму преку автоматски систем се спроведува кон помошните силоси пред шталите за кокошки па се до лентите за хранење кои се дел од системот за чување на кокошките во двете штали за кокошки несилки.

За заштита на јамата – усипниот кош, од надворешни влијанија е покриена со настрешница од челична конструкција и пластифициран лим.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Локација на фарма ГОЛДЕН ЕГ и граници на локација

Додаток 2 Извод од катастарски план на општина Бутел


Додаток 3 Шематски приказ на локацијата на КП 95/3

Додаток 4 Состојба на локацијата на КП 102/1


Додаток 1 Макролокација на ГОЛДЕН ЕГ и граници на локација



Додаток 2 Извод од план на општина Бутел





Додаток 3 Шематски приказ на локацијата на КП 95/3




Додаток 4 Состојба на локацијата на КП 102/1


Штала 1







Штала 3






ПРЕСЕК 1-1


+8.90
+8.50
+8.40
+7.00
+5.30
±0.00
ЈУЖНА ФАСАДА


+8.40
+8.90
+8.50
521,4
±0.00
СЕВЕРНА ФАСАДА

Склад за храна и силоси



KPAJ